# Васил Јотевски, НАЦИОНАЛНАТА АФИРМАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ПИРИНСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА 1944-1948, ИНИ, Скопје, 1997, стр.

Монографскиот труд на м-р Васил Јотевски, под наслов "Националната афирмација на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија 1944-1948 година", претставува дело, во кое се обработува периодот на сѐопштата национална афирмација на македонскиот народ во Пиринска Македонија. На ова прашање, во македонската историографија и пред овој труд, му беше посветено нужно внимание, но токму денешнава историска дистанца и обработениот архивски материјал наметна современо и аргументирано прикажување на настаните, кои ја отсликуваат политичката и национално-културната афирмација на Македонците и нивната зависност од меѓусебните односи на Демократска Федеративна Југославија и отечественофронтовска Бугарија.

Со појавата на овој монографски труд, авторот ѝ ги прави достапни на научната и пошироката јавност, националните права и слободи на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија, во годините 1944-1948 и нивните стремежи за политичка и национална афирмација, во времето на т. н. димитровски период во Бугарија. Со ова, на најдобар можен начин, се заокружува големата заинтересираност, присутна во Република Македонија за историската објективна стварност, иманентна на појавите на сѐопштата национална афирмација на Македонците во Бугарија, по Втората светска војна. Трудот е компониран во четири тематски целини со заклучок од авторот и голем број прилози, кои на самото дело му даваат конструктивна содржина.

Во првата тематска целина, "Учеството на македонскиот народ од Пиринскиот дел на Македонија, во национално-ослободителните борби", авторот дава ретроспектива на учеството на македонскиот народ од Пиринскиот дел на Македонија, во национално-ослободителните борби, сѐ до крајот на Втората светска војна. Овде е истакнато дека македонскиот народ својот трнлив пат кон сопствената актуелизација го гради преку учеството во општествено-политичкиот живот на турската империја, како и со масовниот и плоден црковно-просветен живот. Во втората тематска целина, дава кус преглед во борбата на македонскиот народ за изградба на македонската држава како федерална единица во рамките на Демократска Федеративна Југославија. Како резултат на националната слобода на македонскиот народ, во НР Македонија се јави перспективата во новата југословенска федеративна заедница да влезе и отечественофронтовска Бугарија, со што Пиринскиот крај би се припоил кон НР Македонија.

М-р Васил Јотевски во третата тематска целина, "Општествено-политичките прилики во Пиринскиот дел на Македонија по 9 септември 1944 година", го определува временскиот период на националното зреење на Македонците во Бугарија. Така во рамките на тогашните општествено-политички прилики, се констатира дека Македонците продолжуваат со своите заложби за зацврстување на заедничката борба со македонските ослободителни сили, од Вардарскиот дел на Македонија, што беше прекината со делбите на Македонија. Во овој дел, се вметнати и објективните меѓународни услови, поради кои не беше можно обединувањето на Пиринскиот дел со Демократска Федерална Македонија.

Конкретните напори за оформување на нова јужнословенска федерација од ДФ Југославија и отечественофронтовска Бугарија, во овој труд земаат посебно место. Затоа е дадена поширока елаборација на проект резолуцијата за Првата легална партиска конференција на Обласниот

комитет, што требаше да се одржи во Горна Џумаја на 22 и 23 октомври 1944 година, на која разрешувањето на македонското национално прашање, требаше да добие практичен облик, односно да се напушти декларативниот пристап, кој очигледно го забавуваше и попречуваше природниот развој на македонското прашање.

Во четвртата и последна глава од трудот "Афирмација на македонската нација и култура во Пиринскиот дел на Македонија", даден нѝ е приказ за конкретните национални права и слободи, што ги уживаа Македонците од Пиринскиот дел. Тие главно беа манифестирани преку отворањето на курсеви за учители, односно школување на голем број ученици и студенти во училишните институции во НР Македонија. Пописот на населението, спроведен во декември 1946 година, беше највисок дострел на Македонците, бидејќи на најдобар начин, се потврди егзистирањето на македонскиот народ, чие афирмирање само се надополнува со отворањето и активностите на книжарниците на "Македонска книга" во Горна Џумаја, Петрич и Неврокоп, отворањето и дејноста на Обласниот македонски народен театар во Горна Џумаја, како и сѐсрдната просветна ангажираност на наставиот кадар од НР Македонија, што беше на работа во Пиринскиот дел.

Во овој монографски труд, е прикажана совесноста на македонските раководители од Пиринскиот дел, за нивната доследна определеност кон идејата за присоединување на Пиринскиот дел на Македонија кон НР Македонија. Оваа формулација на државно-правниот статус на Македонија, најдобро го покажува расположениетo и желбите на целиот македонски народ, при што, бројните собири и собранија во Горна Џумаја, Свети Врач, Петрич, Неврокоп, Разлог и Банско, се најдобар показател за тоа.

Споменатата тематска целина, на виделина го презентира опортунистичкиот став и однос на бугарските партиски и државни раководители кон македонското национално прашање и неговото позитивно решавање, при што истовремено, се најавува дека Резолуцијата на Информбирото, од јуни 1948 година ќе претставува главен детерминирачки фактор за постепено укинување на националните права и слободи, што ги уживаа Македонците, во периодот од 1944 до 1948 година.

Вака компонираниот труд, претставува заокружена тематска целина низ која авторот дава одговор на најважните прашања, што се однесуваат на Македонците како домицијално мнозинско население во Пиринскиот дел на Македонија. Бројните прилози и документи нудат посебен аналитичен пристап и презентација, со што овој труд ќе биде достапен не само на научната, туку и на пошироката јавност.

Милчо АТАНАСОВ

## ГЛАСНИК НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА,

година 40, бр. 1, стр. 230, Скопје, 1996 година

Во овој јубилеен број на гласникот ГИНИ (1957-1996) се внесени осум научни статии, коишто обработуваат неколку историски теми, претежно од македонската историја.

Во првата статија "Историските основи и претпоставки за уставните трансформации во Македонија 1946-1991 година, (педесет години по донесувањето на првиот устав на НРМ - 1946 година и пет години од уставот на Република Македонија - 1991)", Новица Вељановски, опширно се осврнува на донесувањето на првиот устав на НРМ во 1946 година и на законските акти,